РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Примено: 8. 11. 2021
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност
09-577/2

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 2 ноември 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-11214/1

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

С К О П Ј Е

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр. 40-11214/1 од 2 ноември 2021 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Мухамед Зеќири/Muhamed Zeqiri

ПРИЛОГ: 1

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
- Агенцијата за квалитет во високото образование

Подготвил: Христијан Николов
Проверил: Зоран Брњарчевски / м-р Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 ноември 2021 година, дава

## РЕШЕНИЕ
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-268/6 од 28.9.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, достави барање бр.09-577/1 од 30.9.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-928/1 од 30.9.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-928/2 од 6.10.2021 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 8.10.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-928/3 од 13.10.2021 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството“ на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 40-11214/1
2 ноември 2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев